Република Северна Македонија

**Министерство за дигитална трансформација**

Согласно член 48 став (4) од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19, 14/20, 215/21, 99/22 и 208/24), Министерството за дигитална трансформација на Република Северна Македонија објавува

**ИНТЕРЕН ОГЛАС БРОЈ - 03/2025**
**за унапредување на 2 (двајца) административни службеници во Министерството за дигитална трансформација**

Министерството за дигитална трансформација објавува интерен оглас за унапредување на 2 (двајца) административни службеници за следните работни места:

**1. Самостоен референт за одржување на апликации, во Одделение за апликативно одржување на ИКТ системи, во Сектор за информациско комуникациски системи со звање самостоен референт и шифра на работно место УПР0101Г01000, во подгрупата на државни службеници – 2 извршители;**

**Општи услови**

- да е државјанин на Република Северна Македонија,
- активно да го користи македонскиот јазик,
- да е полнолетен,
- да има општа здравствена способност за работното место и
- со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана на вршење професија, дејност или должност.

**Посебни услови**

- ниво на стручни квалификации V A или ниво на квалификации IV според Македонската рамка на квалификации и стекнати 180 или 240 кредити според ЕЦВЕТ или МКСОО или најмалку вишо или средно образование; Вишо/ средно образование
- активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење;
- работно искуство, и тоа:
- за нивото Г1 најмалку три години работно искуство во струката;


Министерство
за дигитална трансформација на
Република Северна Македонија

Ул. „Филип Втори Македонски” бр.11, Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 320 0999
www.mdt.gov.mk

- активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската Унија (англиски, француски, германски)

**Распоред на работно време:**

- работни часови во неделата: 40
- работно време од понеделник до петок пристигнување од 07:30 до 08:30 заминување од 15:30 до 16:30 часот
- Паричен износ на основната нето плата 27.832,00 денари.

Кандидатите за унапредување треба да ги исполнуваат општи услови и посебните услови утврдени со Правилникот за систематизација на работните места во Министерството за дигитална трансформација, како и :

- да е оценет со оцена „А" или „Б“ при последното оценување на кое бил оценуван,
- да е на работно место на непосредно пониско ниво или да е на работно место во рамки на истата категорија во која е работното место за кое е објавен интерниот оглас,
- да поминал најмалку две години на исто ниво и
- да не му е изречена дисциплинска мерка во последната година пред објавувањето на интерниот оглас.

Право на учество имаат сите административни службеници вработени во Министерството за дигитална трансформација кои ги исполнуваат условите за конкурирање.

Кандидатите кон пријавата можат да ги приложат следниве доказите:

- потврди за успешно реализирани обуки и/или
- потврди за успешно реализирано менторство

Рокот за доставување на пријавите изнесува 5 дена сметано од денот на објавувањето на огласот на ВЕБ страниците на Министерството за дигитална трансформација и Агенцијата за администрација.

Условите наведени во огласот, кандидатите треба да ги исполнуваат во моментот на пријавувањето.

Пријавата со потребната документација треба да се достави до архивата на Министерството за дигитална трансформација како и до службената електронска

адреса на одделението за управување со човечки ресурси односно на следната електронска пошта : covecki_resursi@mdt.gov.mk

**НАПОМЕНА** : Кандидатот кој внел лажни податоци во пријавата за унапредување се дисквалификува од натамошна постапка.